**Правила за одржување на општинскиот натпревар по хемија со присуство во училиште и тестирање online, на 7 мај 2021 година со почеток: во 12 часот за основните училишта, во 13 часот за средните училишта**

1) Во секое училиште домаќин е наставникот по хемија, кој треба да обезбеди услови за реализација на натпреварот за своите ученици со почитување на пропишаните Протоколи од Владата на РСМ (прилог 75 и 76). Задолжително е носење на маска која ги покрива устата и носот за целото време на престојот во училиштето од страна на сите присутни на натпреварот! Наставникот треба да се погрижи и за проветрување на училниците, пред, за време и по натпреварот.

2) Училиштата-домаќини се должни да обезбедат соодветен број училници за натпреварот и стабилна интернет врска, како и присуство на администратор/систем инженер или информатичар за време на натпреварот.

3) Наставникот-домаќин прави распоред за седење на учениците, така што да бидат соодветно оддалечени, најмалку 2 m според протоколот, еден од друг во училницата.

4) 10-15 минути пред почетокот на натпреварот секој наставник-домаќин со својот компјутер, од секоја училница каде се одржува општинскиот натпревар, се вклучува во соодветниот канал на Microsoft Teams со камера и микрофон. Камерата треба да е насочена кон мониторите на натпреварувачите. **Натпреварот се следи за целото траење со снимање на Microsoft Teams со вклучена камера и микрофон на компјутерот на наставникот**. Ученикот не вклучува камера.

5) **10 минути пред предвидениот почеток на натпреварот, натпреварувачите влегуваат во училницата** и ги оставаат своите работи и мобилни телефони на катедрата, а пред себе треба да имаат само компјутер и пенкало. Наставникот им дава празен лист за евентуални пресметки и белешки при тестирањето и упатство за поврзување на интернет.

6) **Периоден систем не е дозволен и не е потребен** за решавање на било кој тест.

7) **Калкулатор** не е потребен за учениците од основно образование, а е потребен за учениците од средно образование (само за III категорија не треба калкулатор).

8) Секој ученик се натпреварува на свој компјутер (или компјутер од училиштето) од кој се најавува на ClassMarker со податоци добиени на својот e-mail, кои треба да ги има со себе на натпреварот. Се препорачува лаптопот да биде со полна батерија.

9) Во предвиденото време ученикот добива пристап до тестот и откако ќе провери дека е од соодветна категорија и јазик, го решава во предвиденото време и го поднесува според упатството за ClassMarker, претходно дадено на веб страницата.

10) Секој ученик се натпреварува за себе и не треба да комуницира со останатите, освен за евентуална техничка помош од наставникот. Наставникот има улога на тестатор и не треба да ги коментира прашањата и одговорите.

11) Доколку за време на решавањето на тестот има проблеми со интернет конекцијата, ученикот **не треба да се исклучува од ClassMarker-от ниту прелистувачот!** Доколку за 1 минута не продолжи тестот и сликата е „замрзната“, тогаш треба да направи „refresh“ на страницата (може и со F5) и да продолжи со решавање на тестот (притоа сите претходни одговори се сочувани).

12) Доколку предвиденото време помине и ученикот не успее да го поднесе тестот, тогаш тој автоматски се затвора и поднесува со сите дотогаш одговорени прашања, кои се зачувани и се бодуваат.

13) По завршувањето на натпреварот, учениците веднаш ја напуштаат училницата и училиштето водејќи сметка за потребното растојание и мерки на претпазливост.

14) Тестовите ќе бидат прегледани автоматски и резултатите ќе бидат објавени на веб страницата на СХТМ веднаш по нивното систематизирање по општина и категорија.